# Службен весник на Република Македонија

Број 78 | 23 јуни 2017, петок | година LXXIII

www.slvesnik.com.mk | contact@slvesnik.com.mk


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1396. | **Одлука** за именување на заменици министри........................................... | 2 |
| 1397. | **Указ** за отповикување од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Чешката Република........................... | 3 |
| 1398. | **Одлука** за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Град Скопје....................................... | 3 |
| | **Огласен дел**..................................... | **1-60** |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1396.**

Врз основа на членот 48, став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ број 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/10 и 51/11), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 22 јуни 2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЗАМЕНИЦИ МИНИСТРИ**

1. За заменици на министри во соодветните министерства, се именувани:

- д-р Беким Максути, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за одбрана,
- д-р Агим Нухиу, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за внатрешни работи,
- Оливер Ристовски, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за правда,
- д-р Арта Точи, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за надворешни работи,
- д-р Ширете Елези, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за финансии,
- м-р Кире Наумов, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за економија,
- Власте Димковиќ, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- д-р Гоце Чакаровски, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за здравство,
- д-р Висар Ганиу, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за образование и наука,
- д-р Елми Азири, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за труд и социјална политика,
- Дејан Павлески, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за локална самоуправа,
- Владимир Лазовски, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за култура,
- Александар Бајдевски, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за информатичко општество и администрација,
- м-р Ремзи Мехмеди, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за транспорт и врски и
- м-р Јани Макрадули, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за животна средина и просторно планирање.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1808/1
22 јуни 2017 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Македонија,
м-р **Талат Џафери**, с.р.

# ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1397.**

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), донесувам

**У К А З**
**ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЧЕШКАТА РЕПУБЛИКА**

I

Г. Паскал Стојчески се отповикува од должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Чешката Република, со седиште во Прага.

II

Должноста на вонредниот и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Чешката Република престанува заклучно со 2.7.2017 година.

III

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Указ број 56 | Претседател |
| 23 јуни 2017 година | на Република Македонија, |
| Скопје | д-р **Ѓорге Иванов,** с.р. |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1398.**

Врз основа на член 9 - а став 6 од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија“ број 84/08, 35/11, 84/12 и 43/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 16.6.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ РЕЗЕРВИ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ НА ГРАД СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати се отстапуваат без надомест 32.000 литри еуродизел бс на Град Скопје.

Нафтените деривати од став 1 на овој член се отстапуваат на Град Скопје, а за потребите на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје за превоз на деца корисници на услугата од проектот за користење бесплатна услуга за одмор и рекреација на деца од семејство со социјален ризик, деца корисници на посебен додаток и други права за лето 2017 година.

Член 2

Трошоците за испорака, односно транспортните и манипулативните трошоци за преземање на нафтените деривати од член 1 од оваа одлука, паѓаат на товар на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје - Скопје.

Член 3

Се задолжува Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-2759/1 | Претседател на Владата |
| 16 јуни 2017 година | на Република Македонија, |
| Скопје | **Зоран Заев,** с.р. |

Службен весник
на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – Лука Кржалоски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2017 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2017078